МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
за
изменување на Колективниот договор
за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата

Скопје, јануари 2009 година

Врз основа на член 203 и 218 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05 и 106/08), Министерството за труд и социјлна политика и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, на ден 30 јануари 2009 година, склучија

КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
за
изменување на Колективниот договор
за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата

Член 1

Во Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 41/05), членот 32 се менува и гласи:

" Член 32

I.Основно образование

-општ работник------------------------------------------------------------------1.000
-хигиеничар, перачка, пеглачка, градинар----------------------------1.137
-садомијач, ложач на парни котли и помошник во кујна---------- 1.206

II. Професионално образование по завршување на основното образование

- помошник готвач во главна кујна-------------------------------------1.240
- помошник готвач во чајна кујна---------------------------------------1.274
- ракувач на парни котли---------------------------------------------------1.342

III. Образование кое трае до три години

- шивач----------------------------------------------------------------------------1.377
- ракувач на парни котли-ложач, хаус мајстор---------------------1.411
- готвач ----------------------------------------------------1.445

IV. Средно образование кое трае четири години

- набавувач-возач, хаус мајстор--------------------------------------- 1.479
- магационер-домаќин, аналитичар-евидентичар-----------------1.479
- благајник, материјален книговодител, секретар- архивар-----1.514
- готвач-----------------------------------------------------------------------------1.548
- книговодител------------------------------------------------------------------ 1.616

V.Средно образование со квалификационен испит или одредена специјализација

-негувател-------------------------------------------------------------------------1.685
-помошник воспитувач за деца со пречки во развојот-------------1.822

VI. Вишо образование

- помошник воспитувач за група деца со посебни потреби----1.890
- стручен соработник, главна медицинска сестра, секретар---2.096
- воспитувач----------------------------------------------------------------2.164

VII. Високо образование

- воспитувач---------------------------------------------------------------2.301
- стручен работник-----------------------------------------------------2.369

Член 2

Во членот 33, став 2 зборовите: "јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на единиците на локалата самоуправа и другите правни лица кои вршат нестопанска дејност "се заменуваат со зборовите: " јавниот сектор на Република Македонија ".

Член 3

Во членот 38 зборовите: "јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на единиците на локалата самоуправа и другите правни лица кои вршат нестопанска дејност "се заменуваат со зборовите : " јавниот сектор на Република Македонија ".

Член 4

Во целиот текст на Колективниот договор зборот "работодавецот" се заменува со зборот "работодавач".

Член 5

Овој колективен договор влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува со исплатата на плата од 1. јануари 2009 година.

**Самостоен синдикат за образование, наука и култура**
**Претседател,**
**Дојчин Цветаноски**

**Министерство за труд и социјална политика**

**Министер,**
**Џељаљ Бајрами**